Влада на Република Северна Македонија
Проект за унапредување на основното образование (ПУОО)

**Дополнително финансирање за Проектот за унапредување на основното образование**

# ПЛАН ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОБВРСКИТЕ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И СОЦИЈАЛНИТЕ АСПЕКТИ

**07 мај 2025**

# ПЛАН ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОБВРСКИТЕ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И СОЦИЈАЛНИТЕ АСПЕКТИ (ПУОЖССА)

1. Република Северна Македонија спроведува Проект за унапредување на основното образование- ПУОО (**Проектот**)- *(P171973)* преку Министерството за образование и наука (МОН) како што е наведено во основниот договор за заем *(IBRD-91820-001*). Овој ПУОЖССА ги заменува претходните верзии на ПУОЖССА за Проектот и ќе се применува и за основното и за дополнителното финансирање за именуваниот проект.

2. Заемопримачот ќе обезбеди спроведување на Проектот во согласност со Стандардите за животна средина и социјални аспекти-СЖССА (Environmental and Social Standards- ESSs) и овој План за управување со обврските за животната средина и социјалните аспекти, на начин прифатлив за Банката. ПУОЖССА е составен дел од Договорот. Доколку поинаку не е уредено во овој ПУОЖССА, термините користени во овој ПУОЖССА го имаат истото значење како во Договорот.

3. Без ограничување на горенаведеното, овој ПУОЖССА поставува материјални мерки и дејствија што Заемопримачот ќе ги спроведе или ќе предизвика да се спроведат, вклучувајќи ги, како што е применливо, нивните соодветни временски рамки; за институционалните и кадровските аранжмани, аранжманите за обука, следење и известување; како и управувањето со поплаки. ПУОЖССА, исто така, ги утврдува еколошките и социјалните документи кои ќе бидат подготвени или ажурирани, консултирани, јавно објавени и имплементирани во рамките на Проектот, во согласност со СЖССА, во форма и содржина прифатливи за Банката. Наведените еколошки и социјални документи може да се ревидираат од време на време со претходена писмена согласност од страна на Банката. Како што е предвидено во споменатиот договор(и), Заемопримачот ќе се погрижи да има доволно средства на располагање за покривање на трошоците за спроведување на ПУОЖССА.

4. Како што е договорено помеѓу Банката и Заемопримачот, овој ПУОЖССА ќе се ревидира од време на време, доколку е потребно, за да го одрази адаптивното управување со промените во Проектот или непредвидените околности или како одговор на извршувањето на Проектот. Во такви околности, Банката и Заемопримачот се согласуваат да го ажурираат ПУОЖССА за да ги одразува овие промени преку размена на писма потпишани помеѓу Банката и претставникот на Заемопримачот наведен во Договорот или наведен во Договорот(ите). Заемопримачот веднаш ќе го објави ажурираниот ПУОЖССА.

5. Во табелата за „Индикатори за подготвеност за имплементација“ подолу се идентификувани дејствата и мерките што треба да се следат за да се процени подготвеноста на Проектот да започне со имплементација во согласност со овој ПУОЖССА. Сепак, сите активности и мерки во овој ПУОЖССА ќе се имплементираат како што е наведено во колоната „Временска рамка“ подолу, без разлика дали тие се наведени во наведената табела

<table>
<tr><th colspan="2">МАТЕРИЈАЛНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ</th><th>ВРЕМЕНСКА РАМКА</th><th>ОДГОВОРЕН СУБЈЕКТ</th></tr>
<tr><td colspan="4">ИМПЛЕМЕНТАЦИСКИ АРАНЖМАНИ И ПОДДРШКА ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ</td></tr>
<tr><td>А</td><td>ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА<br><br>Да се одржи функционирањето на постоечката ЕУП во рамки на МОН, со квалификуван кадар и ресурси потребни за поддршка при управување со еколошките и социјалните ризици поврзани со малите градежни зафати, вклучувајќи специјалист за социјални аспекти и специјалист за животна средина</td><td>Одржување на кадровската екипираност во ЕУП за време на имплементација на Проектот.</td><td>ЕУП, МОН</td></tr>
<tr><td>Б</td><td>ПЛАН ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ/МЕРКИ<br><br>Подготовка и имплементација на следните мерки за зајакнување на капацитетите:<br>• ЕСС1: Проценка на еколошките и социјалните аспекти<br>• ЕСС2: Работна сила и услови за работа<br>• Мапирање и вклучување на засегнатите страни<br>• Содржина на Планот за управување со обврски за животната средина и социјалнита аспекти (ПУОЖССА)<br>• Содржината на Планот за вклучување на засегнатите страни (ПВЗС)<br>МЕХАНИЗАМ ЗА ПОПЛАКИ- дизајн и развој на модул за обука по однос на следните аспекти:<br>- Регистрација и процедура за процесирање<br>- Процедура за справување со поплаки<br>- Документирање и процесирање на поплаки<br>- Користење на процедурата од страна на различни засегнати страни</td><td>За целото времетраење на Проектот</td><td>ЕУП, МОН</td></tr>
<tr><td colspan="4">СЛЕДЕЊЕ И ИЗВЕСТУВАЊЕ</td></tr>
</table>

| МАТЕРИЈАЛНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ | | ВРЕМЕНСКА РАМКА | ОДГОВОРЕН СУБЈЕКТ |
|---|---|---|---|
| В | **РЕДОВНО ИЗВЕСТУВАЊЕ**<br><br>Подготовка и испраќање до банката на редовни извештаи за следење на проектните активности по однос на заштита на животна средина, социјални аспекти, безбедност и здравје. Оие извештаи ќе вклучуваат:<br>- Статус на подготвеноста и имплементацијата на еколошките и социјалните документи согласно ПУОЖССА<br>- Резиме на активностите за вклученост на засегнатите страни согласно Планот за вклученост на засегнатите страни<br>- Жалби поднесени преку механизмот за поплаки, дневникот за поплаки и постигнатиот напредок во нивното решавање.<br>- Спроведување на еколошките и социјални стандарди од страна на изведувачите како што е наведено во месечните извештаи од изведувачите и надзорите | Полугодишно известување за времетраење на проектот, како додаток на извештаите за напредокот на проектот | ЕУП, МОН |
| Г | Барање од изведувачите и фирмите за надзор да се доставуваат месечни извештаи за следење на спроведувањето на мерките за заштита на животна средина и социјални аспекти согласно параметрите дадени во поврзаните тендерски документации и доставување на овие извештаи до Банката | Месечните извештаи се доставуваат по барање од банката или како прилог на извештаите наведени во точка В погоре. | ЕУП, МОН |

| | МАТЕРИЈАЛНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ | ВРЕМЕНСКА РАМКА | ОДГОВОРЕН СУБЈЕКТ |
|---|---|---|---|
| Д | **ИНЦИДЕНТИ И НЕЗГОДИ**<br><br>Да се извести Банката за секој инцидент или незгода во врска со проектот што има, или веројатно ќе има, значителен негативен ефект врз животната средина, засегнатите заедници, јавноста или работниците, вклучително и оние што резултираат со смрт или значителна повреда на работниците или на јавноста; случаи на насилство, дискриминација или протест; непредвидени влијанија врз културното наследство или ресурсите на биолошката разновидност; загадување на животната средина; дефект на брани; принудна работа или работа на деца; раселување без соодветна постапка (присилно иселување); наводи за сексуална експлоатација или злоупотреба (СЕЗ), или сексуално вознемирување (СВ); или појава на болести. Да се обезбедат достапни информации за инцидентот или незгодата до Банката по барање.<br><br>Да се организира соодветен преглед на инцидентот или незгодата за да се утврдат нивните директни, индиректни и суштински причини. Да се подготви и усогласи со Банката и да се спроведе корективен акциски план кој ги утврдува мерките и активностите што треба да се преземат за справување со инцидентот или незгодата и да се спречи негово повторување | Известување до Банката најдоцна 48 часа по сознанието за инцидентот или незгодата. Да се обезбедат достапни информации на барање.<br><br>Да се достави извештај и корективен акциски план до Банката најдоцна 10 дена по поднесувањето на првичното известување, освен ако Банката писмено не договори различна временска рамка. | ЕУП, МОН |
| **ЕСС 1. ПРОЦЕНКА И УПРАВУВАЊЕ СО ЕКОЛОШКИ И СОЦИЈАЛНИ РИЗИЦИ И ВЛИЈАНИЈА** | | | |

| МАТЕРИЈАЛНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ | | ВРЕМЕНСКА РАМКА | ОДГОВОРЕН СУБЈЕКТ |
|---|---|---|---|
| 1.1 | **ПРОЦЕНКИ И/ИЛИ ПЛАНОВИ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И СОЦИЈАЛНИ АСПЕКТИ**<br>1.1 а. Да се креираат и имплементираат чеклисти за животна средина и социјални аспекти специфични за секој под-проект поврзан со мали градежни зафати/адаптација врз основа на форматот усвоен во рамки на основниот проект, на начин прифатлив за Банката.<br>1.1 б Да се развие и имплементира индивидуален план за управување со обврските за животна средина и социјални аспекти, за секој под-проект поврзан со изградба на доградби до 6 училници, врз основа на усвоениот формат за влијанието врз животната средина и социојалните аспекти, на начин прифатлив за Банката. | Чеклисти/прашалници и планови за животна средина и социјални аспекти специфични за секоја локација се подготвуваат пред финализирање на поврзаните тендерски документации и се имплементираат во текот на имплементација на проектот | ЕУП; МОН |
| 1.2 | **ТЕХНИЧКА ПОДДРШКА**<br><br>Подготовка на Описите на работни задачи, студии, планови и стратегии на начин кој осигурува дека соодветните аспекти за заштита на животната средина и социјалните аспекти се замени предвид при спроведување на студиите и се во согласност со Рамката за заштита на животната средина и социјални аспекти | За целото времетраење на Проектот | ЕУП; МОН |
| **ЕСС 2: РАБОТНА СИЛА И УСЛОВИ ЗА РАБОТА** | | | |

| МАТЕРИЈАЛНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ | | ВРЕМЕНСКА РАМКА | ОДГОВОРЕН СУБЈЕКТ |
|---|---|---|---|
| 2.1 | **ПРОЦЕДУРИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО РАБОТНАТА СИЛА**<br><br>Користење, одржување и примена, во текот на имплементацијата на проектот, на процедурите за управување со работна сила (ПУРС) кои се подготвени во рамки на основниот проект, инкорпорирани во проектниот оперативен прирачник, соодветни со националното законадавство и со ЕСС2, и осигурување дека ќе бидат достапни за работниците[1] во рамки на проектот и на нивни подизведувачи, инкорпорирани во оперативниот прирачник на проектот. ПУРС ќе се однесуваат на сите аспекти дефинирани со ЕСС2, вклучително и применливите барања по однос на недискриминација и еднакви можности. | Ажурирање на ПУРС процедурите во проектниот оперативен прирачник не подоцна од 1 месец по преговорите за дополнителното финансирање и потоа примена на процедурите во текот на времетраењето на Проектот | ЕУП, МОН |
| 2.2 | **МЕРКИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА**<br><br>Да се подготват и применуваат мерки за безбедност и здравје при работа (БЗР) вкучително и мерки за подготвеност и одговор при итни случаи, како и мерки по насоки од СЗО како одговор и превенција од Ковид 19 | Договорна обврска. Да се одржува во целото времетраење на проектот. Мерките за БЗР во делот на оперативниот прирачник треба да се финализираат пред почеток со инвестициски активности на било која локација | ЕУП, МОН |

[1] Терминот „работник на проектот“ се однесува на: (а) луѓе вработени или ангажирани директно од Заемопримачот (вклучувајќи го предлагачот на проектот и агенциите за спроведување на проектот) да работат конкретно во врска со проектот (директни работници); луѓе вработени или ангажирани преку трети лица за извршување на работи поврзани со основните функции на проектот, без оглед на локацијата (работници со договор); (в) луѓе вработени или ангажирани од примарните добавувачи на Заемопримачот (примарни работници за снабдување); и (г) луѓе вработени или ангажирани во обезбедување на општествена работа во заедницата (работници во заедницата). ESS2 се однесува на проектните работници, вклучително и со полно работно време, со скратено работно време, привремени, сезонски и работници мигранти

| МАТЕРИЈАЛНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ | | ВРЕМЕНСКА РАМКА | ОДГОВОРЕН СУБЈЕКТ |
|---|---|---|---|
| 2.3 | **МЕХАНИЗАМ ЗА ПОПЛАКИ ЗА РАБОТНИЦИТЕ НА ПРОЕКТОТ**<br><br>Воспоставување и одржување механизам за поплаки за било кои прашања од областа на труд и вработување поврзани со проектот, кој ќе биде лесно достапен на работниците на Проектот, во согласност со ЕСС2 и законската регулатива за работни односи на РСМ. | Механизмот за поплаки да е оперативен пред ангажирање на работници и изведувачи и да се одржува во текот на целото времетраење на проектот. Информации за механизмот се дисеминираат на проектните работници пред да започнат со работа | ЕУП, МОН, фирмите изведувачи |
| **ЕСС4: ЗДРАВЈЕ И БЕЗБЕДНОСТ НА ЗАЕДНИЦАТА** [релевантноста на ЕСС4 се утврдува во текот на процесот на ПЖСС. Како и со другите ЕСС3, ЕСС4 може да бара усвојување на конкретни мерки што може да бидат утврдени со документот за ПЖССС (на пр. ПУОЖССА) веќе спомената во делот под ЕСС1 или како самостоен документ или одделен дел. Да се наведе дали мерките поврзани со ЕСС4 се опфатени со постојниот документ или како самостојни активности. Подолу се дадени примери]. | | | |
| 4.1 | **ЗДРАВЈЕ И БЕЗБЕДНОСТ НА ЗАЕДНИЦАТА**<br><br>Подготовка, усвојување и спроведување мерки и активности за проценка и управување со конкретните ризици и влијанија врз заедницата, кои што произлегуваат од активностите на Проектот, вклучувајќи ги активностите и истите да се вклучат во чеклистите за животна средина и социјални аспекти што ќе бидат подготвени на начин прифатлив за Светска банка.<br><br>Во рамките на чеклистите и плановите за животна средина и социјални аспекти да има повикување и вметнување на релевантни членови од Општите упатства на Светска банка за безбедност и заштита на животната средина, специфични примери на добри меѓународни искуства во индустријата, добри лабораториски исуства, вклучително и подготвеност и одговор за итни случаи | Пред да се започнат активности за набавка на градежни работи за секој под-проект. Се спроведуваат во текот на имплементација на Проектот. | ЕУП, МОН |
| **ЕСС 10: ВКЛУЧУВАЊЕ НА ЗАСЕГНАТИТЕ СТРАНИ И ОБЈАВУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИИ** | | | |

| МАТЕРИЈАЛНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ | | ВРЕМЕНСКА РАМКА | ОДГОВОРЕН СУБЈЕКТ |
|---|---|---|---|
| 10.1 | **ПЛАН ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА ЗАСЕГНАТИТЕ СТРАНИ**<br><br>Ажурирање и примена на План за вклучување на засегнатите страни (ПВЗС) за проектот, во согласност со ЕСС 10, кој ќе вклучува, меѓу другото, мерки за да им обезбеди на засегнатите страни навремени, релевантни, разбирливи и достапни информации и да се консултира со нив на културолошки соодветен начин, кој е без манипулации, мешање, принуда, дискриминација и заплашување. ПВЗС може да биде изменет и ажуриран (и повторно јавно објавен) по потреба за време на спроведувањето на проектот | До завршување на процесот на проценка за дополнително финансирање и за време на имплементацијата на проектот | ЕУП, МОН |
| 10.3 | **МЕХАНИЗАМ ЗА ПОПЛАКИ НА ПРОЕКТОТ**<br><br>Механизам за поплаки е воспоставен за основниот проект. Истиот механизам ќе се користи и за дополнителното финансирање.<br><br>ПВЗС вклучува и обврска да се известат засегнатите страни за воспоставениот механизам за поплаки односно да се осигура дека засегнатите страни се запознати со процесот на поднесување на поплаки.<br><br>Механизмот за поплаки ќе биде во можност да добива, регистрира и насочува разрешување на жалби по однос на СЕЗ/СВ вклучително и преку упатување на жртвите до релевантни даватели на услуги за насилство врз основа на пол, а сето тоа на начин кој е безбеден, доверлив и фокусиран на жртвите | Да се одржува механизмот за времетраење на целиот проект. Да се одржува базата на податоци. Да се доставува годишен извештај со резиме од поплаките.<br><br>Механизмот за поплаки ќе се занимава и со поплаки по однос на СЕЗ/СВ | ЕУП, МОН |

| МАТЕРИЈАЛНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ | | ВРЕМЕНСКА РАМКА | ОДГОВОРЕН СУБЈЕКТ |
|---|---|---|---|
| 10.4 | **ИЗВЕСТУВАЊЕ ПО ОДНОС НА ВКЛУЧЕНОСТ НА ЗАСЕГНАТИТЕ СТРАНИ**<br><br>Да се вклучуваат резултатите од процесот на вклучување на засегнатите страни во проектните извештаи, како што е наведено во ПВЗС | Како дел од редовните извештаи за напредокот на проектот. | ЕУП, МОН |
| **ИНДИКАТОРИ ЗА ПОДГОТВЕНОСТ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА** | | | |
| Следните активности се индикатори за подготвеност за имплементација:<br><br>Потврда дека има внатрешен кадар за поддршка и управување со ризиците од областа на животна средина и социјални прашања поврзани со програмата и проектот | | | |